# ОТПУСТИТЕЛНИ

## тропари на неподвижните господови и богородични празници, и на особено почитуваните светители

(транскрипција од црковнословенски и превод од грчки и црковнословенски јазик)

### Септември 1-ви

### Почеток на индиктот, односно црковна Нова година

Глас 2-ри.

**Всєја твари содјетељу, времена и љета во Својєј власти положивиј, благослови вјенец љета благости Твојєја, Господи, сохрањаја в мирјє народ и град Твој, молитвами Богородици, и спаси ни.**

Создателе на целата творба, Кој си ги поставил времињата и годините под Своја власт, благослови го венецот од годината на добрината Твоја. Господи, чувај ги во мир народот и Градот Твој, по молитвите на Богородица и спаси нè.

### Преп. Симеон Столпник

Глас 1-ви.

**Терпјенија столп бил јєси, ревновавиј праотцем, преподобне, Јову во страстех, Јосифу во искушених, и безплотних жителству, сиј в тјелеси, Симеоне отче наш.**

**Моли Христа Бога спастисја душам нашим.**

Столб на трпението си постанал, ревнувајќи на праотците, преподобни. На Јов во страдањата, на Јосиф во искушенијата, и во заедница со Бестелесните си во тело. Симеоне, отче наш, моли го Христа Бога, да ги спаси нашите души.

## Септември 8-ми

## Рождество на Пресвета Богородица

Глас 4-ти.

**Рождество твоје, Богородице Дјево, радост возвјести всеј вселењеј: из тебе бо возсија солнце правди, Христос Бог наш и разрушив кљатву, даде благословеније: и упразднив смерт, дарова нам живот вјечниј.**

Раѓањето твое, Богородице Дјево, радост ѝ јави на целата икумена. Зашто од тебе изгреа сонцето на правдата, Христос, Бог наш, Кој откако ја разреши клетвата ни даде благослов, а откако ја уништи смртта ни дарува живот вечен.

## Септември 14-ти

## Воздвижение на чесниот крст

Глас 1-ви.

**Спаси Господи, људи Твоја, и благослови достојаније Твоје, побједи всјем православним христијаном нашим, на сопротивнија дарија, и Твоје сохрањаја крестом Твојим**

**жителство.**

Спаси го, Господи, народот Твој и благослови го Твоето наследство. Победа на сите православни Христијани наши над противниците дарувај им, и со крстот Твој зачувај ги Твоите граѓани.

## Септември 26-ти

## Св. Апостол и Євангелист Јован Богослов

Глас 2-ри.

**Апостоле Христу Богу возљубленне, ускори избавити људи безотвјетни, пријемлет тја припадајушта, иже падша на перси пријемиј: Јегоже моли, богослове, и належаштују мглу јазиков разгнати, просја нам мира и велија милости.**

Апостоле, возљубен на Христа Бога, побрзај да го избавиш народот кој не може сам да се брани. Те прима паѓајќи пред тебе, ти кој падна на градите на Оној Кој те прими. Него моли го, Богослове, и натежнатата магла од незнабошците да ја растера, барајќи за нас мир и голема милост.

## Октомври 1-ви

## Покров на Пресвета Богородица

Глас 4-ти.

**Днес благовјерниии људије свјетло празднујем, осјењајеми твојим, Богомати, пришествијем, и к твојему**

**взирајуште пречистому образу, умилно глаголем: покриј нас честним твојим покровом, и избави нас од всјакаго зла, мољашти Сина твојего Христа Бога нашего, спасти души нашја.**

Денес, благоверен народе ведро да празнуваме, покриени со твоето доаѓање, Богомајко, и гледајќи кон твојот пречист лик, умилно да говориме: Покриј нè со твојот чесен покров и избави нè од секое зло, молејќи го Синот твој, Христос Бог наш, да ги спаси нашите души.

## Октомври 6-ти

## Св. Апостол Тома

### Глас 2-ри.

**Ученик Христов бив, божественнаго собора апостолскаго сопричастник: невјерствијем бо Христово воскресеније извјестив, и Того пречистују страст осјазанијем увјерив, Томо всехвалне, и ниње нам проси мира, и велија милости.**

Ученик Христов бивајќи, на божествениот апостолски собор соучествуваше. Преку неверство Христововото воскресение си го потврдил, и на Неговото пречисто страдање преку допир си се уверил, Томо сефален, и сега за нас моли мир и голема милост.

(Помеѓу 11-ти и 18-ти Октомври)

## Недела на Светите Отци

Глас 8-ми.

**Препрославлен јеси, Христе Боже наш, свјетила на земли отци наши основавиј, и тјеми ко истињеј вјерје всја ни наставивиј: многоблагоутробне, слава Тебје.**

Препрославен Си, Христе Боже наш, Кој Си ги основал светилата на земјата, отците наши, и преку нив кон вистинската вера сите нас нè упати, многумилосрден, слава Ти.

Октомври 13-ти

## Св. новомч-ца Злата Мегленска

Глас 8-ми.

**Жениха небеснаго возљубивши, мучении злочестиваго агарјанина не устрашиласја јеси и даже до смерти кров своју пролијала јеси, Злато всехвалнаја, Мегленскаја похвало. Тјемже по достојанију ниње мзду твоју воспријемлеши веселија вјечнујуштаго в чертозје Христа Бога нашего, Јегоже моли да спасет души нашја.**

Младоженецот небесен возљубувајќи го, од мачењата на злочестивиот агарјанин не си се уплашила, и сè до смртта крвта своја си ја пролила, Злато сефална, мегленска пофалбо.Така, според достоинството, сега наградата твоја со веселба ја

примаш, од Оној кој вечно пребива во брачната одаја, Христос нашиот Бог, Кого моли го да ги спаси душите наши.

## Октомври 14-ти

## Преп. Параскева

### Глас 4-ти.

**Пустинноје и безмолвноје житије возљубивши, и во слјед Христа, жениха твојего, усердно потекши, и Того благоје иго во јуности твојеј вземши, крестним знаменијем к мисленним врагом мужески вооруживши́сја, постническими подвиги, постом и молитвами, и слезними капљами, углије страстеј угасила јеси, достославнаја Параскево. И ниње в небесњем чертозје с мудрими дјевами предстојашти Христу, моли о нас, почитајуштих честнују памјат твоју.**

Пустинскиот и безмолвен живот откако го возљуби, и откако ревносно тргна по Христа, твојот младоженец, Неговиот благ јарем во својата младост примајќи го, со крстниот знак машки се вооружи против непријателот на мислите. Со испоснички подвизи, пост, и молитва, и солзни капки, жарот на страстите си го изгасила, достославна Параскево. И сега во небесните брачни одаи со мудрите девојки, стоејќи пред Христа, моли за нас кои го почитуваме твојот чесен спомен.

## Октомври 18-ти

## Св. Апостол и Євангелист Лука

Глас 5-ти.

Апостолских дјејаниј сказатеља, и Євангелија Христова свјетла списатеља, Луку препјетаго, неисписанна сушта Христовје церкви, пјесни свјаштенними свјатаго апостола похвалим, јако врача сушта, человјеческија немошти јестества недуги и јазви душ исцељајушта, и моляштасја непрестанно за души нашја.

На делата апостолски раскажувач, и писател на Христовото радосно Евангелие, на она што е ненапишано за Црквата Христова, Лука севоспеаниот, со свештени песни светиот Апостол да го пофалиме, како лекар кој човечките немоќи, болестите на природата, и раните на душата ги исцелува, и се моли непрестано за нашите души.

## Октомври 19-ти

## Преп. Јован Рилски

Глас 1-ви.

Покајанија основаније, прописаније умиленија, образ утјешенија, духовнаго совершенија, равноангелноје житије твоје бист, преподобне: в молитвах убо и поштенијих, и в слезах пребивавиј, отче Јоанне, моли Христа Бога о душах наших.

Темел на покајанието, цртеж на умилението, образец на утехата на духовното совршенство, твоето рамноангелно житие беше, преподобни. Ти кој во молитви, и пости, и во солзи пребиваше, отче Јоване, моли го Христа Бога за душите наши.

## Преп. Прохор Пчински

Глас 1-ви.

**Пустинниј жител и в тјелеси ангел, и чудотворец јавилсја јеси, богоносе отче наш Прохоре: постом, бдјенијем, молитвоју, небеснаја дарованија пријим исцјељајеши недужнија, и души вјероју притекајуштих ти. Слава давшему тебје крјепост: слава вјенчавшему тја: слава дјејствујуштему тобоју всјем исцјеленија.**

Жител на пустината и Ангел во тело, и чудотворец си се покажал, богоносни отче наш Прохоре. Со пост, бдение, молитва, небесните дарови откако ги прими, ги лекуваш болните и душите на оние кои ти притекнуваат. Слава на Оној Кој ти даде крепост, слава на Оној Кој те овенча, слава на Оној Кој преку тебе им прави на сите излекување.

Октомври 21-ви

## Св. Иларион Мегленски

Глас 3-ти.

**Чудо јавивсја извјештенија, дјели возсијал јеси добродјетелеј Божијих, монашествујуштих лики упасл**

**јеси, церкви Богу воздвигл јеси, архијерејскаја сједалишта очистил јеси, јеретическаго нападенија не убојасја, свјатитељу Иларијоне. Умер же јако спја: тјело твоје нетљенно собљудесја, и подајет цјелби бољаштим от различних недуг, и демони прогоњајет. Сего ради молим тја, моли спастисја душам нашим.**

Чудо на сведоштвото се објави, преку делата си засветлил со добродетелите Божји, мноштвото на оние кои монахуваа си го напасил, цркви на Бога си му подигнал, архијерејските катедри си ги очистил не плашејќи се од еретичкиот напад, светителу Иларионе. Умирајќи како да спиеш, телото твое нераспадливо се сочува, и им дава исцелување на болните од различни болести, а демоните ги изгонува. Заради тоа те молиме, моли да се спасат нашите души.

## Октомври 23-ти

## Св. Апостол Јаков, брат Господов

Глас 2-ри.

**Јако Господен ученик, воспријал јеси, праведне, Евангелије: јако мученик, имаши јеже неописанноје: дерзновеније, јако брат Божиј: јеже молитисја, јако јерарх. Моли Христа Бога, спастисја душам нашим.**

Како Господов ученик, си го примил, праведни, Евангелието, како маченик го имаш неописливото, смелост како брат Божји, да се молиш како

јерарх. Моли го Христа Бога, да ги спаси душите наши.

## Октомври 26-ти

## Св. вмч. Димитриј Мироточив

### Глас 3-ти.

**Велика обрјете в бједах, тја поборника вселеннаја, страстотерпче, јазики побјеждајушта: јакоже убо Лијеву низложил јеси гордињу, и на подвиг дерзновенна сотворив Нестора, тако, свјате Димитрије, Христу Богу молисја, даровати нам велију милост.**

Голем помошник те најде во опасностите вселената, страстотрпче, кој ги победи незнабошците. Па, како што му ја соблече надменоста на Лиј, храбрејќи го за борба одблизу Нестора, така, Свети Димитрије, Христа Бога моли го, да ни дарува нам голема милост.

## Ноември 1-ви

## Св. св. бесребреници Козма и Дамјан

### Глас 3-ти.

**Свјатиј безсребреници и чудотворци, Космо и Дамјане, посјетите немошти нашја: туне пријасте, туне дадите нам.**

Свети бесребреници и чудотворци, Козмо и Дамјане, нашите слабости посетете ги, на дар примивте, на дар давајте ни.

## Ноември 8-ми

## Собор на Архистратигот Михаил и останатите бестелесни сили

Глас 4-ти.

**Небесних воинств архистратизи, молим вас присно ми недостојнии, да вашими молитвами оградите нас кровом крил невештественнија вашеја слави, сохрањајуште ни, припадајуштија прилежно, и вопијуштија: от бјед избавите ни, јако чиноначалници, вишних сил.**

На небесните војски Архистратизи, ве молиме вас, ние недостојните, со вашите молитви да нѐ оградите, под покривот на крилата на вашата нематеријална слава, чувајќи нѐ нас кои усрдно паѓаме пред вас и воскликнуваме, од опасностите избавете нѐ, како Чиноначалници на вишните сили.

## Ноември 11-ти

## Св. мч. Мина

Глас 4-ти.

**Јако безплотним собесједника, и страстотерпцем јединовселника, сошедшесја вјерој, Мино, восхваљајем тја, мира мирови просјаште, и душам нашим велија милости.**

Како собеседник на бестелесните и состанар на страстотрпците, собрани во верата, Мино, те

славиме, мир за светот просејќи, а за нашите души голема милост.

## Ноември 13-ти

### Св. Јован Златоуст

Глас 8-ми.

**Уст твојих, јакоже свјетлост огња, возсијавши благодат, вселеннују просвјети: не среброљубија мирови сокровишта сниска, висоту нам смиренномудрија показа. Но твојими словеси наказуја, отче Јоанне Златоусте, моли Слова Христа Бога, спастисја душам нашим.**

Од устата твоја благодатта што засветли како огнена светлост, вселената ја просветли. Богатства на несреброљубие на светот му стекна, висината на смиреномудрието нам ни ја покажа. Но, со твоите зборови воспитувајќи, отче Јоване Златоусте, моли го Логосот, Христос Бог, да ги спаси нашите души.

## Ноември 14-ти

### Св. Апостол Филип

Глас 3-ти.

**Апостоле свјатиј Филипе, моли милостиваго Бога, да прегрјешениј оставленије подаст душам нашим.**

Апостоле свети Филипе, моли го милостивиот Бог, да ни даде отпуштање на грешките на душите наши.

## Ноември 16-ти

### Св. Апостол и Евангелист Матеј

Глас 3-ти.

**Апостоле свјатиј и евангелисте Матеје, моли милостиваго Бога, да прегрјешениј оставленије подаст дҹшам нашим.**

Апостоле свети и Евангелисте Матеје, моли го милостивиот Бог, да ни даде отпуштање на гревките на душите наши.

## Ноември 21-ви

### Воведение на Пресвета Богородица во храмот

Глас 4-ти.

**Днес благоволенија Божија предображеније, и человјеков спасенија проповједаније: в храмје Божиј јасно Дјева јављајетсја, и Христа всјем предвозвјештајет. Тој и ми велегласно возопиим: радуjсја, смотренија Зиждителева исполненије.**

Денес е вовед на Божјата добра волја, и на проповедта за спасение на луѓето. Во храмот Божји, јасно Дјева се покажува, и Христа на сите им го предвестува. Нејзе и ние велегласно да ѝ извикаме: Радуј се исполнување на домостројот на Творецот.

## Ноември 24-ти

### Св. вмч-ца Екатерина

Глас 5-ти.

**Всехвалнују невјесту Христову воспојим, предстателницу Синајскују, помоштницу нашу и заступницу, јако заусти свјетло хитреци нечестивих силоју Духа: и јако мученица вјенчавшисја, просит всјем велија милости.**

Сефалената невеста Христова ја воспеваме, Синајската заштитничка, и наша помошничка и застапничка, зашто светло ги замолчи ласкањата на нечестивите со мечот на Духот. И како маченичка овенчана, проси за сите голема милост.

## Ноември 25-ти

### Св. Климент Охридски

Глас 4-ти.

**Словеси наставил јеси јазики в вјеру Божију, дјели возвисил јеси себе, преблаженне, в божественјеј и безпечалњеј жизни, чудеси просијавиј приступајуштим к тебје вјерно, знаменми преславно озарјаја вечерњу. Сего ради божественнују твоју памјат, Клименте, славим.**

Со зборови си ги упатил незнабошците во верата Божја, со делата си се извишил, преблажени, во божествен и безгрижен живот. Со чуда си ги просветлил оние кои кон тебе верно пристапува-

ат, преславно со знаци осветлувајќи ја темнината. Заради тоа го славиме твојот божествен спомен, Клименте.

## Ноември 28-ми

## Св. Петнаесет тивериополски маченици

### Глас 3-ти.

**Велија похвала град Тиверијскиј и крјепост, имјеја јерархи, свјаштенники и левити, идолскују лест обличившија. Сиј бо Пјатнадесјате полки одгоњајут демонов и здравије дарујут вјерним.**

Голема пофалба и крепост градот тивериски имаше, јерарси, свештеници и левити кои идолската лага ја разобличија. Овие петнаесеторица, полкови од демони изгонуваат и здравје на верните им даруваат.

### Втор тропар, глас 4-ти.

**Поштенијем плот умертвивше, благочестија слово проповједавше, презрјевше земнаја и Христа желајуште, мудриј страдалци Пјатнадесјат, мучителем доблемудренно противустасте и вјенци страдалческими увјенчастесја и исцјеленија приступајуштим источајете.**

Со постење телото го умртвивте, и словото на благочестието го проповедавте, ги презревте земните и Христа го возљубивте, мудри страдалници петнаесет. Доблестомудрено на мачителите им

се спротивставивте, и со венци страдалнички се овенчавте, и исцеление им излевате на оние кои ви пристапуваат.

## Ноември 30-ти

## Св. Апостол Андреј Првоповикан

### Глас 4-ти.

**Јако апостолов первозванниј, и верховнаго сушчиј брат, Владицје всјех, Андреје, молисја, мир вселењеј даровати, и душам нашим велију милост.**

Како првоповикан од Апостолите и на врховниот роден брат, Владиката на сите, Андреје моли го, мир на вселената да ѝ дарува, а на душите наши голема милост.

## Декември 4-ти

## Св. вмч-ца Варвара

### Глас 8-ми.

**Варвару свјатују почтим: вражија бо сјети сокруши, и јако птица избависја от них, помоштију и оружијем креста, всечестнаја.**

Варвара света ја почитуваме, зашто непријателските замки ги строши, и како птица беше спасена од нив, со помошта и оружјето на крстот, сечесната.

## Декември 5-ти

## Преп. Сава Осветен

Глас 8-ми.

**Слез твојих теченми пустини безплодноје воздјелал јеси, и иже из глубини воздиханми во сто трудов уплодоносил јеси, и бил јеси свјетилник вселењеј, сијаја чудеси, Савво отче наш. Моли Христа Бога, спастисја душам нашим.**

Со течењето на твоите солзи, неплодноста на пустината си ја обработил, и со воздишките од длабина, сто трудови си оплодоносил, и светилник на вселената си станал, блескајќи со чудеса, Саво, отче наш, преподобни. Моли го Христа Бога, да бидат спасени душите наши.

## Преп. Нектариј Битолски

Глас 8-ми.

**В тебје, отче, извјестно спасеја, јеже по образу: пријим бо крест, посљедовал јеси Христу, и дјеја учил јеси презирати убо плот, преходит бо: приљежати же о души, вешти безсмертњеј. Тјемже и со ангели срадујетсја, преподобне Нектарије, дух твој.**

Во тебе отче, со сигурност се спаси она што е по образот, примајќи го крстот, си следувал по Христа, и дејствувајќи си учел да се занемарува телото, зашто минува, а да се грижиме за душата, нешто што е бесмртно. Затоа, и со Ангелите се ра-

дува, преподобни Нектарије духот твој.

## Декември 6-ти

## Св. Николај Мирликиски

Глас 4-ти.

**Правило вјери и образ кротости, воздержанија учитеља јави тја стаду твојему, јаже вештеј истина: сего ради стјажал јеси смиренијем високаја, ништетоју богатаја, отче, свјаштенонначалниче Николаје, моли Христа Бога, спастисја душам нашим.**

Правило на верата и образ на кротоста, учител на воздржливоста на стадото твое те покажа вистината на нештата. Заради тоа со смиреноста си ги стекнал високите, со сиромаштвото богатствата, отче јерарху Николаје, моли го Христа Бога, да ги спаси нашите души.

## Недела на Светите Праотци

(Помеѓу 11-ти и 17-ти Декември)

Глас 2-ри.

**Вјероју праотци оправдал јеси, от језик тјеми предобручивиј Церков: Хваљатсја в славје свјатиј, јако от сјемене их јест плод благославен, без сјемене рождшаја тја. Тјех молитвами, Христе Боже, помилуј нас.**

Во верата Праотците си ги оправдал, преку нив си ја предвенчал Црквата на незнабошците. Се фалат во слава Светителите, оти од нивното семе има

плод благославен, онаа која бессемено Те роди. По нивните молитви, Христе Боже, помилуј нè.

## Декември 12-ти

## Преп. Спиридон Чудотвотец

Глас 1-ви.

**Собора перваго показалсја јеси поборник и чудотворец, богоносе Спиридоне, отче наш. Тјемже мертву ти во гробје возгласив, и змију в злато претворил јеси: и внегда пјети тебје свјатија молитви, ангели, сослужаштија тебје имјел јеси, свјаштењејшији. Слава давшему тебје крјепост, слава вјенчавшему тја, слава дјејствујуштему тобоју всјем исцјеленија.**

На првиот Собор си се покажал бранител, и чудотворец богоносни Спиридоне, отче наш. Зашто мртовец од гробот си повикал, и змија во злато си претворил, а кога ги пееше светите твои молитви, Ангелите ги имаше како сослужители, преосветен. Слава на Оној Кој ти дал сила, слава на Оној Кој те овенчал, слава на Оној Кој преку тебе дејствува на сите излекување.

## Декември 23-ти

## Преп. Наум Охридски

Глас 4-ти.

**Мир оставил јеси, приљепивсја Христу, плот распјал јеси, духом живиј, Науме преблаженне. Потшталсја јеси**

**апостолов подвизатисја теченију. Уловил јеси в вјеру Мисијскаја неизчетнаја множества. Тјемже молитвами твојими, от искушениј, избави нас.**

Светот си го оставил прилепувајќи се за Христа, телото си го распнал со духот живеејќи, Науме преблажени. Си се брзал да се движиш по патот на Апостолите. Во верата си го уловил мизискoто неброено мноштво. Затоа, со твоите молитви од искушенија избави нè.

## Декември 25-ти

## Рождество на нашиот Господ Исус Христос

Глас 4-ти.

**Рождество Твоје, Христе Боже наш, возсија мирови свјет разума: в нем бо ѕвјездам служаштиј ѕвјездоју учахусја Тебје клањатисја Солнцу правди, и Тебе вједјети с висоти востока, Господи, слава Тебје.**

Раѓањето Твое, Христе Боже наш, му ја изгреа на светот светлината на знаењето, во него, пак, оние кои им служеа на ѕвездите, од ѕвездата се учеа, Тебе да Ти се поклонуваат, Сонце на правдата, и Тебе да Те познаат од височините на Истокот. Господи, слава Ти.

Кондак, глас 3-ти.

**Дјева днес Пресуштественнаго рождајет, и земља вертеп Неприступному приносит. Ангели с пастирми**

**славословјат, волсви же со ѕвездоју путешествујут: нас бо ради родисја Отроча младо, превјечниј Бог.**

Девојка денес, Натсуштествениот го раѓа, и земјата пештера на Недостапниот му принесува. Ангелите со пастирите Го славословат, мудреците, пак, со ѕвездата патешествуваат, зашто заради нас се роди, Дете младо, предвечниот Бог.

## Декември 27-ми

### Св. првомаченик и архиѓакон Стефан

Глас 4-ти.

**Подвигом добрим подвизалсја јеси, первомучениче Христов и апостоле, и мучителеј обличил јеси нечестије. Каменијем бо побијен от рук беззаконних, вјенец от јаже свише десници пријал јеси, и к Богу взивал јеси вопија: Господи, не постави им грјеха сего.**

Со добар подвиг си се подвизувал, првомачениче Христов и Апостоле, и си ја разобличил безбожноста на мачителите. Со камења убиен од рацете на беззакониците, венец си примил од десницата на Вишниот, и кон Бога си се обратил извикувајќи: Господи, не ставај им го ова за грев.

## Јануари 1-ви

## Обрезание Господово

Глас 1-ви.

**На престоље огнезрачњем в вишних сједјај со Отцем безначалним, и божественним Твојим Духом, благоволил јеси родитисја на земли от отроковици, неискусомужнија Твојеја Матере, Исусе: сего ради и обрјезан бил јеси јако человјек осмодневниј. Слава всеблагому твојему совјету, слава смотренију Твојему, слава снизхожденију Твојему, једине Человјекољубче.**

Ти Кој седиш на огнозрачен престол на височините со Отецот беспочетен и со Духот Твој божествен, си благоволил да се родиш на земјата од девојка, неискусобрачната Твоја мајка, Исусе. Заради тоа и обрезан си бил осмодневен, како човек. Слава на Твојата себлага одлука, слава на грижата Твоја, слава на понижувањето Твое, единствен Човекољубче.

## Св. Василиј Велики

Глас 1-ви.

**Во всју земљу изиде вјештаније твоје, јако пријемшују слово твоје, имже богољепно научил јеси, јестество суштих ујаснил јеси: человјеческија обичаји украсил јеси, царскоје свјаштеније, отче преподобне: моли Христа Бога, спастисја душам нашим.**

По целата земја излезе гласот твој, затоа што

го прими словото твое преку кое боголепно одогмати, природата на битијата ја појасни, човечките обичаи ги украси, Царски свештениче, отче преподобни, моли го Христа Бога да ги спаси нашите души.

## Јануари 6-ти

## Богојавление Господово

Глас 1-ви.

**Во Јорданје крештајуштусја Тебје, Господи, Тројическоје јависја поклоненије: Родителев бо глас свидјетелствоваше Тебје, возљубленнаго Тја Сина именуја: и Дух во видје голубиње, извјествоваше словесе утвержденије. Јавлејсја, Христе Боже, и мир просвјештеј, слава Тебје.**

Кога во Јордан се крштеваше, Господи, се објави поклонувањето на Троица. Гласот на родителот Те сведочеше Тебе, нарекувајќи Те возљубен Син, а Духот во вид на гулаб, ја потврдуваше сигурноста на зборот. Ти Кој се јави Христе Боже, и светот го просветли, слава Ти.

## Јануари 7-ми

## Св. Пророк, претеча и крстител Јован

Глас 2-ри.

**Памјат праведнаго с похвалами, тебје же довљејет свидјетелство Господне, Предтече: показал бо сја**

**јеси воистину и пророков честњејшиј, јако и в струјах крестити сподобилсја јеси Проповједаннаго. Тјемже за истину пострадав радујасја, благовјестил јеси и суштим во адје Бога јавлшагосја плотију, вземљуштаго грјех мира, и подајуштаго нам велију милост.**

Споменот на праведникот е со пафалби. Тебе, пак, доста ти е сведоштвото од Господа, Претечо. Си се покажал навистина и од пророците почесен, зашто си се удостоил во реката да го крстиш Проповеданиот. Откако за вистината пострада, радувајќи се, и на оние во адот си им го благовестел Бога Кој се објави во тело, Кој го зема гревот на светот, и нам ни подава голема милост.

## Јануари 11-ти

## Преп. Теодосиј Велики

### Глас 8-ми.

**Слез твојих теченми пустини безплодноје воздјелал јеси, и иже из глубини воздиханми во сто трудов уплодоносил јеси, и бил јеси свјетилник вселењеј, сијаја чудеси, Теодосије отче наш. Моли Христа Бога, спастисја душам нашим.**

Со течењето на твоите солзи, неплодноста на пустината си ја обработил, и со воздишките од длабина, сто трудови си оплодоносил, и светилник на вселената си станал, блескајќи со чудеса, Теодосије, отче наш, преподобни. Моли го Христа Бога,

да бидат спасени душите наши.

## Јануари 14-ти

## Св. Сава Архиепископ српски

## Глас 3-ти.

**Пути, вводјаштаго в жизн, наставник и первопрестолник и учител бил јеси: первјеје бо пришед свјатитељу Савво, отечество твоје просвјетил јеси, и породив тоје Духом Свјатим, јако древа маслиннаја в мислењем рај насадил јеси всеосвјаштеннаја твоја чада. Тјем јако апостолом и свјатителем сопрестолна, чтуште тја молим: моли Христа Бога, даровати нам велију милост.**

На патот што води во живот, наставник, и првопрестолник, и учител си бил. Зашто, доаѓајќи, најпрво татковината твоја си ја просветил, светителу Саво, и породувајќи ја со Духот Свети, како маслинови дрвја во духовниот рај си ги насадил сеосветените твои чеда. Затоа, како сопрестолен на Апостолите, и Светителите, почитувајќи те, те молиме, моли го Христа Бога, да ни дарува голема милост.

## Јануари 15-ти

## Преп. Гаврил Лесновски

## Глас 8-ми.

**Возљубив Христа усердно паче всјех, и украсивсја**

**кротостију, смиренијем и терпјенијем, все житије своје на земли предложил јеси јему. Тјем во небеснија обители насљедовав, праведних части сподобилсја јеси, с нимже молисја, спастисја душам нашим.**

Доброволно заљубувајќи го Христа над сè, и украсувајќи се со кротост, смиреност, и трпение, целиот свој живот на земјата пред Него си го поставил. Бидејќи во небесните живеалишта си добил наследство, со делот на праведниците си се удостоил. Со нив моли се, да бидат спасени нашите души.

## Јануари 17-ти

## Преп. Антониј Велики

### Глас 4-ти.

**Ревнитеља Илију нрави подражаја, Креститељу правими стезјами посљедуја, отче Антоније, пустини бил јеси жител, и вселеннују утвердил јеси молитвами твојими. Тјемже моли Христа Бога, спастисја душам нашим.**

Зилотот Илија по начинот поддржувајќи го, Крстителот по правите патеки следејќи го, отче Антоније, на пустината жител си бил, и вселената си ја утврдил со молитвите твои. Затоа, моли го Христа Бога, да ги спаси нашите души.

## Јануари 18-ти

### Св. св. Атанасиј и Кирил, Архиепископи александриски

Глас 3-ти.

**Дјели возсијавше православија, все погасивше злославије, побједителије побједоносци бисте, благочестијем вса обогативше. Церков велми украсивше, достојно обрјетосте Христа Бога, дарујушта нам велију милост.**

Со делата на православието блеснувајќи, секое злославие го угасивте, победници победоносно украсени станавте, сè обогатувајќи со благочестие. Црквата многу ја украсивте, достојно го најдовте Христа Бога, Кој ни дарува нам голема милост.

## Јануари 20-ти

### Преп. Евтимиј Велики

Глас 4-ти.

**Веселисја пустиња нераждајуштаја, благодушствуј неболјаштаја: јако умножи тебје чада муж желаниј духовних, благочестијем насадив, воздержанијем воспитав в добродјетелеј совершенство. Того молитвами, Христе Боже, умири живот наш.**

Весели се пустино која немаш родено, развесели се ти која си немала болки, зашто тебе ти ги намножи чедата маж на посакувањата на духовните, со побожност насадувајќи, со воздржание вос-

питувајќи во совршенството на добродетелите. По неговите молитви, Христе Боже, смири го животот наш.

## Јануари 21-ви

## Св. Максим Исповедник

Глас 8-ми.

**Православија наставниче, благочестија учитељу и чистоти, вселеннија свјетилниче, монашествујуштих богодухновенноје удобреније, Максиме премудре, ученми твојими всја просвјетил јеси, цјевнице духовнаја, моли Христа Бога, спастисја душам нашим.**

Водачу на Православието, учителе на благочестието и чесноста, светилнику на вселената, на оние кои монахуваат боговдахновен украсу, Максиме премудар, со учењата твои сите си ги просветил, кавалу на Духот, моли го Христа Бога, да се спасат душите наши.

## Јануари 25-ти

## Св. Григориј Богослов

Глас 1-ви.

**Пастирскаја свирјел богословија твојего, риторов побједи труби: јакоже бо глубини Духа изискавшу, и доброти вјештанија приложишасја тебје. Но моли Христа Бога, отче Григорије, спастисја душам нашим.**

Пастирскиот кавал на богословието твое, ги

победи трубите на риторите, зашто барајќи ги длабочините на Духот, и добар углед си стекнал. Но, моли го Христа Бога, отче Григорије, да ги спаси нашите души.

## Јануари 30-ти

## Свети отци наши и вселенски учители: Василиј Велики, Григориј Богослов и Јован Златоуст

### Глас 1-ви.

**Три величајшаја свјетила трисолнечнаго Божества, вселеннију лучами догматов божественних просвјетившаја, медоточнија рјеки премудрости, твар всју боговједенија водами напојившија, Василија Великаго, и Богослова Григорија, со славним Јоанном, јазиком златоглаголивим, вси словес их рачителије, сошедшесја пјеснми почтим: Тиј бо Тројицје о нас присно мољатсја.**

Трите најголеми светила на трисолнечното Божество ја засветлија вселената со зраците на божествените догмати. Медоточивите реки на мудроста, целата твар ја напоија со водите на богопознанието. Василиј Великиот и Григориј Богословот, со славниот Јован на јазикот златоглаголив, сите вљубеници во зборот нивни, собирајќи се со песни да ги почестиме, зашто тие на Троица за нас секогаш се молат.

## Февруари 2-ри

## Сретение Господово

Глас 1-ви.

**Радуисја, благодатнаја Богородице Дјево, из тебе бо возсија солнце правди Христос Бог наш, просвјештајај суштија во тмје. Веселисја и ти, старче праведниј, пријемиј во објатија Свободитеља душ наших, дарујуштаго нам воскресеније.**

Радувај се, благодатна Богородице Дјево, зашто од тебе изгреа сонцето на правдата Христос нашиот Бог, Кој ги просветлува оние во мракот. Весели се и ти старче праведен, кој го прими во прегратките ослободителот на душите наши, Кој ни дарува нам воскресение.

## Февруари 10-ти

## Св. свешт-мч. Харалампиј

Глас 4-ти.

**Мученик Твој, Господи, Харалампиј, во страданиј својем вјенец пријат нетљенниј от Тебе, Бога нашего: имјеја бо крјепост Твоју, мучителеј низложи, сокруши и демонов немоштнија дерзости. Того молитвами спаси души нашја.**

Маченикот Твој, Господи Харалампиј, во страдањето свое нераспадлив венец прими од Тебе, нашиот Бог. Имајќи ја силата Твоја, мачителите ги

собори, и ја скрши на демоните немоќната дрскост. По неговите молитви спаси ги нашите души.

## Февруари 11-ти

### Св. новомч. Георгиј Кратовски

Глас 4-ти.

**В терпјениј многоискусњем, блаженне мучениче Георгије, огнеискуснују смерт претерпјел јеси и по кончиње твојеј вјенец от Христа нетљенниј с мученическими лики пријал јеси. И ниње на земли кротких достојну водворјајасја, Христу Богу о нас молисја, иже вјеројy поклањајуштихсја рацје моштеј твојих.**

Низ трпение доброиспитано, блажени мачениче Георгије, огноиспробана смрт си претрпел, и по свршетокот твој, венец нераспадлив од Христа со хоровите на мачениците си примил. И сега со кроткие на земјата достојно престојуваш. На Христа Бога за нас моли се, кои со вера се поклонуваме на гробот на моштите твои.

## Февруари 14-ти

### Успение на св. Кирил, учител славјански

Глас 4-ти.

**От пелен прилежно премудрост сестру себје сотворив, богогласе, пресвјетлују видјев, јако дјевицу чисту, јуже пријем, приведе, јако монисти златими, сеју украсив своју душу и ум, и обрјетесја јако другиј Кирилл,**

**блаженне, именем и разумом, премудре.**

Од пелени грижливо премудроста сестра себе си ја направи, богогласни, гледајќи ја пресветла, како девојка чиста, која примајќи ја, ја привлече, украсувајќи ја со неа својата душа и ум како со златни монисти, и се најде како втор Кирил, блажени, по името и разумот, премудри.

## Март 9-ти

## Св. Четириесет маченици

Глас 1-ви.

**Бољезнми свјатих, имиже о Тебје пострадаша, умолен буди, Господи, и всја нашја бољезни исцјели, Человјекољубче, молимсја.**

Со болките на светителите кои за Тебе пострадаа, умолен биди Господи, и сите наши болести излечи ги, Човекољубче, Ти се молиме.

## Март 25-ти

## Благовештение на Пресвета Богородица

Глас 4-ти.

**Днес спасенија нашего главизна и јеже от вјека таинства јавленије: Син Божиј Син Дјеви биваjет, и Гавриил благодат благовјествујет. Тјемже и ми с ним Богородицје возопиим: радујсја, Благодатнаја, Господ с Тобоју.**

Денес е заглавие на нашето спасение, и објавување на тајната од века, Синот Божји, Син Дјевин станува, и Гаврил благодат благовестува. Затоа и ние со него на Богородица да ѝ воскликнеме: Радуј се, Благодатна, Господ е со тебе.

## Април 6-ти

## Успение на св. Методиј, учител славјански

Глас 4-ти.

**Свјатитеља Твојего Методија, Христе, творјаште свјетло торжество успенија, милости Твојеја свише подажд, отверзи же царствија двери, разрјеши же узи нашја многих грјехов, ходатајством свјатаго Твојего ученика, отца нашего.**

На Твојот светител Методиј, Христе, правејќи му сјајно торжество на успението, милоста Твоја одозгора подај ни ја, а отвори ги и дверите на Царството, разреши ги оковите наши од многуте гревови, преку застапништвото на светиот Твој ученик, отецот наш.

## Април 23-ти

## Св. вмч. Георгиј Победоносец

Глас 4-ти.

**Јако пљенних свободител, и ништих заштитител, немоштствујуштих врач, цареј поборниче, побједоносче, великомучениче Георгије, моли Христа Бога, спастисја**

**дѵшам нашим.**

Како ослободител на заробените, и заштитник на сиромасите, лекар на немоќните, бранител на Царевите, победоносче, великомачениче Георгије, моли го Христа Бога, да ги спаси нашите души.

## Април 25-ти

## Св. Апостол и Евангелист Марко

### Глас 3-ти.

**Ѵ верховнаго Петра наѵчивсја, апостол Христов бил јеси, и јако солнце странам возсијал јеси, Александријом ѵдобреније бив, блаженне. Тобојѵ Египет от прелести свободисја, евангелским твојим ѵченијем просвјешт вся, јако свјетлиј столп церковниј. Сего ради твојѵ памјат чтѵште, свјетло празднѵјем, Марко богогласе: моли тобојѵ благовјестимаго Бога, да согрјешениј оставленије подаст дѵшам нашим.**

Кај врховниот Петар научувајќи се, Апостол Христов си бил, и како сонце на страните си засветлил, украс на Александрија бивајќи, блажени. Преку тебе Египет од прелест се ослободи, просветувајќи ги сите со твоето евангелско учење, како сјаен столб црковен. Заради тоа споменот твој чествувајќи го, радосно празнуваме, Марко богогласен. Моли го од тебе благовестениот Бог, да даде отпуштање на погрешките на душите наши.

## Мај 2-ри

## Св. благоверен цар Борис

Глас 6-ти.

**Исполнен страха Божија, бил јеси жилиште Свјатаго Духа: утвердив вјеру Христову, престол и жезл царствија оставил јеси, богоблаженне царју Борисе: Вселив же сја в пустињу, процвјел јеси в подвизјех и обрјел јеси благодат пред Господем. Ниње же предстоја престолу Всевишњаго, моли Христа Бога, даровати народу нашему мудрост и силу, нам же, мољаштимсја тебје, спасеније душам нашим.**

Исполнет со страв Божји, живеалиште си бил на Духот Свети. Утврдувајќи ја верата Христова, престолот и жезолот на царството си ги оставил, богоблажени царе Борисе. Вселувајќи се, пак, во пустината, си процветал во подвизите, и си нашол благодат пред Господа. А сега, стоејќи пред престолот на Севишниот, моли го Христа Бога да му дарува на нашиот народ мудрост и сила, нам пак, кои тебе ти се молиме, спасение на нашите души.

## Пренос на моштите на св. Атанасиј, Архиепископ александриски

Глас 3-ти.

**Столп бил јеси православија, божественними догмати подтверждаја Церков, свјаштенноначалниче Атанасије: Отцу бо Сина јединосуштна проповједав,**

**посрамил јеси Арија. Отче преподобне, Христа Бога моли, даровати нам велију милост.**

Столб си бил на православието, со божествените догмати потпирајќи ја Црквата, свештеноначалниче Атанасије, зашто проповедајќи го на Отца Синот едносуштен, си го посрамил Арија. Отче преподобен, Христа Бога моли го, да ни дарува нам голема милост.

## Мај 8-ми

## Св. Апостол и Евангелист Јован Богослов

Глас 2-ри.

**Апостоле Христу Богу возљубленe...** (види стр. 131)

## Мај 11-ти

## Св. св. рамноапостолни Методиј и Кирил

Глас 4-ти.

**Јако апостолом јединонравниј и словенских стран учителије, Кирилле и Методије богомудрии, Владику всјех молите, всја јазики словенскија утвердити в православии и јединомислии, умирити мир, и спасти души нашја.**

Како истозначни со Апостолите, и на словенските земји учители, Кириле и Методије богомудри, Владиката на сите молете Го, сите народи сло-

венски да ги утврди во православие и едномислие, да го смири светот, и да ги спаси душите наши.

## Мај 21-ви

### Св. св. големи цареви и рамноапостолни Константин и Елена

Глас 8-ми

**Креста Твојего образ на небеси видјев, и јакоже Павел званије не от человјек пријем, в царјех апостол Твој, Господи, царствујуштиј град в руцје Твојеј положи, јегоже спасај всегда в мирје, молитвами Богородици, једине Человјекољубче.**

Меѓу царевите, Апостолот Твој Господи, откако знакот на крстот Твој на небото го виде, и како Павле откако повик не од луѓе прими, царствувачкиот град во рацете Твои го положи. Него чувај го за секогаш во мир, по молитвите на Богородица, единствен Човекољубче.

## Мај 22-ри

### Св. вмч. Јован Владимир, чудотворец

Глас 4-ти.

**Крест јављшијсја тебје с небес в блистании всјем проповједал јеси, просвјетив јазики вјерно, Владимире славне. Искупленијем же кровми твојими возблистав, сподобилсја јеси мздов нелестних предстоја Тројицје. Тјемже дерзновенно моли Христа спастисја нам.**

Крстот кој тебе ти се јави во блесок од небото, на сите си им го проповедал, просветлувајќи ги верно незнабошците, Владимире славни. Преку откупот, пак, со крвта твоја заблескувајќи, си се удостоил со награди нелажни стоејќи пред Троица. Затоа смело моли го Христа да нè спаси нас.

## Мај 25-ти

## Трето наоѓање на главата на Св. Јован Крстител

### Глас 4-ти

**Јако божественоје сокровиште, сокровеноје в земли, Христос откри главу твоју нам, пророче и предтече: вси убо сошедшесја в сеја обрјетеније, пјеснми богоглаголивими спаса воспојим, спасајушта нас од тљенија молитвамми твојими.**

Како божествена ризница скриена в земја, Христос ни ја откри главата твоја нам, пророче и Претече. Сите, пак, кои се собраа на ова наоѓање, со песни, богоглаголиви Спасителот да го воспееме, Кој нè спасува нас од распаѓање преку твоите молитви.

## Јуни 2-ри

## Св. свешт-мч. Еразмо Охридски

### Глас 4-ти.

**Преподобно житије твоје прошед, мудре, свјетлим украсилсја јеси хитоном свјаштенства. Проливаја же**

**кров мученичества, Јеразме, сподобилсја јеси свише мздов нелестних и, предстоја Тројицје, молишисја о нас воспјевајуштих тја.**

Поминувајќи го преподобно животот твој, мудри, си се украсил со светлиот хитон на свештенството. Проливајќи ја крвта преку маченииштво, Еразме, си се удостоил со награди нелажни одозгора, и стоејќи пред Троица се молиш за нас кои те воспеваме.

## Јуни 11-ти

## Св. св. Апостоли Вартоломеј и Варнава

### Глас 3-ти.

**Апостоли свјатии, Вартоломеје и Варнаво, молите милостиваго Бога, да прегрјешениј оставленије подаст душам нашим.**

Апостоли свети, Вартоломеје и Варнаво, молете го милостивиот Бог, да ни даде отпуштање на грешките на душите наши.

## Јуни 24-ти

## Рождество на св. Јован Крстител

### Глас 4-ти.

**Пророче и предтече пришествија Христова, достојно похвалити тја недоумјејем ми, љубовију чтуштиј тја: неплодство бо рождшија и отчеје безгласије разрјешисја**

**славним и честним твојим рождеством, и воплоштеније Сина Божија мирови проповједујетсја.**

Пророче и Претечо на доаѓањето Христово, не умееме како достојно да те пофалиме, ние кои со копнеж те почитуваме. Неплотството, пак, на онаа која те роди, и безгласноста на таткото, се разрешија со славното и чесно рождество твое, и воплотувањето на Синот Божји на светот му се проповеда.

## Јуни 29-ти

## Св. св. првоврховни Апостоли Петар и Павле

### Глас 4-ти.

**Апостолов первопрестолници, и вселеннија учителије, Владику всјех молите, мир вселењеј даровати, и душам нашим велију милост.**

Меѓу Апостолите првопрестолни, и на вселената учители, Владиката на сите молете го, мир на вселената да ѝ подари, а на душите наши голема милост.

## Јули 1-ви

## Св. св. бесребреници и чудотворци Козма и Дамјан

### Глас 8-ми.

**Свјатии безсребреници и чудотворци, Козмо и Дамјане, посјетите немошти нашја: туне пријасте, туне**

**дадите нам.**

Свети бесребреници и чудотворци, Козмо и Дамјане, посетете ги нашите немоќи, на дар примивте, на дар дајте ни.

Јули 5-ти

## Преп. Атанасиј Атонски

Глас 8-ми.

**Јеже во плоти житију твојему удивишасја ангелстии чини, како с тјелом к невидимим сплетенијем изшел јеси, приснославне, и ујазвил јеси демонскија полки. Отњудуже, Атанасије, Христос тебје воздаде богатими дарованми: сего ради, отче, моли спастисја душам нашим.**

На твојот живот во тело Ангелските чинови беа збунети, како со тело кон невидливите сплетки си одел, сеславен, и си ги повредил демонските војски. Затоа, Атанасије Христос тебе ти врати со богати дарови. Заради тоа, отче, моли да се спасат нашите души.

Јули 7-ми.

## Св. вмч-ца Недела

Глас 3-ти.

**Одољенијем твојим чудесним побједишасја вражија сили до конца, Недјело преславнаја: идоложренија бо тму далечајше креста честнаго свјетлостију изгнала јеси.**

**Дјево чистаја, Христу Богу молисја, даровати нам велију милост.**

Со твојата чудесна победа непријателските сили докрај беа победени, Недело преславна. Темницата од идоложртвувањето, пак, со светлоста на чесниот крст многу далеку си ја прогнала. Дјево чиста, на Христа Бога моли се, да ни дарува голема милост.

## Јули 13-ти

## Собор на св. Архангел Гавриил

### Глас 4-ти.

**Небесних воинств архистратиже, молим тја присно ми недостојнии, да твојими молитвами оградиши нас кровом крилу невештественнија твојеја слави, сохрањаја нас припадајуштих прилежно, и вопијуштих: от бјед избави нас, јако чиноначалник вишних сил.**

Архистратигу на небесните војски, ти се молиме секогаш ние недостојните, со твоите молитви да нè оградиш, под стреата на крилата на твојата нематеријална слава. Чувај нè нас кои пред тебе паѓаме усрдно и извикуваме: Од опасностите избави нè како чиноначалник на вишните сили.

## Недела на Светите Отци

(Помеѓу 13-ти и 19-ти Јули)

Глас 8-ми.

**Препрославлен јеси, Христе Боже наш...** (види стр. 133)

Јули 20-ти

## Св. Пророк Илија

Глас 4-ти.

**Во плоти ангел, пророков основаније, вториј предтеча пришествија Христова, Илија славниј, свише пославиј Јелисејеви благодат, недуги отгоњати, и прокаженнија очиштати. Тјемже и почитајуштим јего точит исцјеленија.**

Вотеловен Ангел, на пророците темел, втор претеча на Христовото доаѓање, Илија славни, одозгора си му испратил благодат на Елисеја, болестите да ги изгонува, и лепрозните да ги чисти. Заради тоа и на оние кои него го почитуваат им излева исцеленија.

Јули 27-ми

## Св. вмч. Пантелејмон

Глас 3-ти.

**Страстотерпче свјатиј и цјелебниче Пантелејмоне, моли милостиваго Бога, да прегрјешениј оставленије**

**подаст душам нашим.**

Страстотрпче свет, и лекаре Пантелејмоне, моли го милостивиот Бог, да им даде отпуштање на грешките на душите наши.

## Свети Седмочисленици: Методиј, Кирил, Климент, Наум, Сава, Горазд и Ангеларij

Глас 1-ви.

**Вјенци хваленија увјенчајим Седмочисленики славнија, јако свјетила возсијавшија, и Тријединаго Бога нам благовјестившија: Кирилла со Методијем, Климента, Наума со Саввоју, и Горазда с Ангеларијем. Столпи незиблемии Церкве славјанскија и богодухновеннии поборници слова нашего, бјесовскоје идолом ученије отгоњајуште, Христу Богу молитесја, Церков нашу утвердити и душам нашим даровати мир и велију милост.**

Со фалбени венци да ги овенчаме славните Седмочисленици, кои како светила засветлија и Триединиот Бог ни го благовестеа: Кирил со Методиј, Климент, Наум со Сава, и Горазд со Ангеларij. Столбови непоколебливи на Црквата славјанска и боговдахновени заштитници на нашиот збор. Вие кои бесовското незнабожечко учење го отклонивте, на Христа Бога молете се, Црквата наша да ја утврди, и да им дарува на нашите души мир и голема милост.

## Август 6-ти

## Преображение Господово

Глас 7-ми.

**Преобразилсја јеси на горје, Христе Боже, показавиј ученикoм Твојим славу Твоју, јакоже можаху: да возсијајет и нам грјешним свјет Твој присносуштниј, молитвами Богородици, Свјетодавче, слава Тебје.**

Си се преобразил на Горатa, Христе Боже, покажувајќи им ја на учениците Твои славата Твоја, колку што можеа. Да ни засветли и нам грешните Твојата вечна светлина, по молитвите на Богородица, Светодавче слава Ти.

## Август 9-ти

## Св. Апостол Матиј

Глас 3-ти.

**Апостоле Свјатиј Матије...** (види стр. 140)

## Август 15-ти

## Успение на Пресвета Богородица

Глас 1-ви.

**В рождествје дјевство сохранила јеси, во успении мира не оставила јеси, Богородице: преставиласја јеси к животу, мати сушти Живота: и молитвами твојими избављајеши от смерти души нашја.**

Во раѓањето девството си го запазила, во успе-

нието светот не си го напуштила, Богородице. Се престави кон животот, Мајка бивајќи на Животот, и со твоите молитви ги избавуваш од смрт нашите души.

## Август 16-ти

## Пренос на неракотворната икона на Господ Исус Христос

Глас 2-ри.

**Пречистому Твојему образу поклањајемсја, Благиј, просјаште проштенија прегрјешениј наших, Христе Боже, волеју бо благоволил јеси плотију взити на крест, да избавиши, јаже создал јеси от работи вражија. Тјем благодарственно вопијем Ти, радости исполнил јеси всја, Спасе наш, пришедиј спасти мир.**

На пречистата икона Твоја, се поклонуваме, Добри, просејќи прошка за нашите грешки Христе Боже. Со волјата, пак, Си благоволил со телото да се подигнеш на крст, за да ги избавиш од ропството на непријателот оние кои Си ги создал. Затоа, благодарствено ти воскликнуваме, сè си исполнил со радост, Спасителе наш, Кој дојде да го спасиш светот.

## Св. Јоаким Осоговски

Глас 1-ви.

**Пустиниј жител и в тјелеси ангел...** (види стр. 136)

## Август 29-ти

## Отсекување на главата на св. Јован Крстител

Глас 2-ри.

**Памјат праведнаго с похвалами...** (види стр. 151)